# „Бев заедно со веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, кога пристигнавме до местото каде што луѓето го фрлаа отпадот. Тој изврши мала нужда стоејќи

Хузејфе, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Бев заедно со веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, кога пристигнавме до местото каде што луѓето го фрлаа отпадот. Тој изврши мала нужда стоејќи, па јас се оддалечив. Тогаш тој ми рече: ‚Приближи се!‘ Јас се приближив и застанав до неговите пети. Потоа зеде абдест и со влажни дланки (месх) помина врз своите местви (обувки од кожа).“
[صحيح] [متفق عليه]

Хузејфе бин Јеман, Аллах нека е задоволен со него и неговиот татко, пренесува дека бил со Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога тој сакал да изврши мала нужда. Отишол до местото каде што луѓето го фрлаат отпадот и песокот што го собираат од своите домови. Уринирал стоејќи, иако вообичаено малата нужда ја извршувал седејќи. Хузејфе се оддалечил од него, но Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му рече: „Приближи се!“ Хузејфе се приближил и застанал зад него, до неговите пети, за да му обезбеди прикриеност и да не биде виден во таа состојба. Потоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, земал абдест. Кога стигнал до миењето на нозете, се задоволил со триење (месх) врз мествите – обувки изработени од тенка кожа или сличен материјал што ги покриваат глуждовите – без да ги соблече.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee